**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА ПЛАСНИЦА**

---

**Број 30-446/2**
**13.10.2023 година**
**ПЛАСНИЦА**

Врз основа на член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на РСМ" бр.101/19), како и врз основа на поднесеното Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер, заведено со арх. бр 30-446/1 од 25.09.2023 година, поднесено од Градоначалникот на општина Пласница, донесе:

## *Р Е Ш Е Н И Е*

Барањето за пристап до информации од јавен карактер, заведено со арх. бр 30-446/1 од 25.09.2023 година, се **одобрува** и се дава следнава информација:

**Одговор на прашање број 1**

- Во општина Пласница има четири определени лица кои ги вршат работите од областа на јавните набавки.

**Одговор на прашање број 2**

- Лицата што ги вршаат јавните набавки во моментов немаат потврди за положен испит.

**Одговор на прашање број 3**

- Членовите на Комисијата за јавни набавки се менуваат за секоја набавка.

**Одговор на прашање број 4**

- Во прилог ви доставуваме Одлука за јавна набавка број: 05064/2022

**Одговор на прашање број 5**

- Методологија/упатство и сл. документ врз основа на кој се пресметува вредност на набавките општина Пласница нема.

**Одговор на прашање број 6**

- Општина Пласница нема дефинирани внатрешни правила за изработка на технички спецификации за јавните набавки.

**Одговор на прашање број 7**

- Во општина Пласница не е воспоставен систем за следење на реализација на планот за јавни набавки.

**Одговор на прашање број 8**

- Во општина Пласница не е вооспоставен систем за следење на реализација на склучените договори за јавни набавки.

## *О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е*

Барателот до општина Пласница достави Барање за пристап до информации од јавен карактер.

Општина Пласница го разгледа Барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер и врз основа на член 20 од Законот за слободен пристап до инфромации од јавен карактер („Службен весник на РСМ" бр. 101/19), ги достави бараните информации/податоци по истото.

Со оглед на изнесеното се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО*:*** Против ова Решение барателот на информацијата има право на жалба до Агенцијата, во рок од 15 дена од приемот на решението.

**Изработил:**
**Службено лице:**
**Сенифер Синаноска**

**ОПШТИНА ПЛАСНИЦА**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**АЛИЈА ЈАОСКИ**

-----------------------------------

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПЛАСНИЦА

**Број 30-446/3**
**13/10/2023 година**
**ПЛАСНИЦА**

**ДО**

**ПРЕДМЕТ: Достава на информација**

Врз основа на Вашето барање за слободен пристап до информции од јавен карактер од 22.09.2023, за достава на информација –електронски записи, по пошта или на е-маил:

*ВЕ ИЗВЕСТУВАМЕ* дека

Општина Пласница пристапи кон давање на позитивен одговор на ова поднесено барање и бараните информаци, Ви ги доставуваме на следниот е-маил:

Со почит,

МП

(одговорно лице-потпис)

(службено лице)